*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/26-41*
*20.08.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50, став 8 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), градоначалникот на Општина Штип донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на стручна комисија за постапување по спроведена јавна анкета и јавна презентација за**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска)**

Член 1

Се формира стручна Комисија за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска), во следниот состав:

1. Лидија Глигорова Јанкова, диа-претседател на Комисија за урбанизам
2. Петрит Далипи, дипл. инж. арх. -претставник на изработувачот на планот Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар бр. на Овластување 0 0629
3. Викторија Атанасова, диа-стручен работник од областа на урбанистичко планирање, бр на Овластување 0 0472

Член 2

Комисијата има задача да изготви Извештај од спроведената јавна презентација и јавната анкета.

Член 3

Извештајот од јавната анкета и јавната презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП.

Член 4

Врз основа на Извештајот комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена, пред доставување на предлог планот за согласност, да го извести писмено секое физичко или правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**